Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

# Презентација на резултати од анализи: промени во даночната сфера

# Анализа на ефекти од воведување на прогресијата кај данокот на личен доход

# Ефекти од прогресивниот и повисок данок на личен доход:

- Незначително подобрување на распределбата на доходот - **< 1% намалување на нееднаквоста**
- Ефекти на „даночно избегнување” - **изгубени околу 50% од даночните приходи** кои можеле да се соберат




**Ако ги примило само лицето X, данокот ќе изнесувал 9.000 + 60.000 x 18% = 19.800 ден.**

# Прогресивниот данок на личен доход ќе биде ставен во мирување до 01.01.2023

Владата останува на ставот дека **прогресивен данок може да даде добри општествени ефекти и поправедно и поразвиено општество**, но само ако:

- има **оптимален дизајн,**
- донесен е во **консултативен процес** со сите засегнати страни,
- постојат **ефикасни механизми за елиминирање на сивата економија**, и
- сите имаме **зајакната доверба во институциите.**

# Дополнителни промени кај:

- данок на капитални добивки од хартии од вредност
- данок на камати од депозити

# Данок на капитални добивки од хартии од вредност се одложува за 36 месеци

Прецизирање и ремоделирање на сегашното решение со цел:

- да се **вклучат и уделите од инвестициони фондови**
- да се **разграничат шпекулантските добивки и долгорочно инвестирање**
- заедно со засегнатите страни да утврди оперативно решение и систем кој ќе овозможи **ефикасна и ефективна наплата** на данокот
- да **не се дестимулира** пазарот на капитал
- **сите** да плаќаат на наједноставен начин

| Даночна стапка | Категорија |
|---|---|
| 15% | до 1 год |
| 10% | од 1 до 10 години |
| Ослободени | над 10 години (долгорочни инвеститори) |

# Данокот на доход од камати на депозити се одложува за 36 месеци

Одлуката за одложување се базира на:

- **отсуство на оперативно решение за примена**
- **комплицирано администрирање на данокот**
- **еднаков третман** на заштедите со инвестирање на пазар на капитал

Целта е:

- воспоставување на **практичен, едноставен и автоматизиран начин на администрирање**
- даночната стапка за овој доход ќе биде без моментално уреденото 15.000 ослободување, но ќе изнесува **10%**

# Анализа на ефектите поврзани со Законот за данокот на додадена вредност (ДДВ)

- висина на прагот за регистрација за ДДВ

# Резултати од **анализа:**

- **42%** од **ДВВ обврзниците** (2018), имаат промет до **2 милиони** денари, а придонесуваат околу **1%** во вкупниот **ДДВ**
- **99%** во вкупниот ДДВ доаѓа од обврзници со промет над **2 милиони** денари
- **Нашата даночна администрација троши повеќе време за инспекција на помали ДДВ обврзници**
    - 27.000ч за обврзници со придонес околу 2% во ДДВ, VS.
    - 26.000ч за обврзници со придонес околу  73% во ДДВ
- Во системот на УЈП има 11.375 правни и физички лица кои во 2018 година имале промет **под 1 милион денари**

# Какви се компаративните искуства?

**Србија**
околу
68.000 евра

**Романија**
околу
63.000 евра

**Косово**
50.000 евра

**Словенија**
50.000 евра

**Албанија**
16.200 евра

**Хрватска**
околу
40.300 евра

**БиХ**
25.500 евра

**Црна Гора**
18.000 евра

**медијален просек:**

**45.100 евра**

## Северна Македонија

**16.260 евра**
(старо решение)

**32.520 евра**
(ново решение)

# ДДВ прагот се зголемува на 2 милиони денари од 01.01.2020 година

- **Намалување на административниот товар за малите и средни компании како директна поддршка за нивен полесен раст**
- **Намалување на административниот товар врз даночната администрација**
- **Зголемување на ефективноста и ефикасноста**

Периодот на останување во системот **се скратува на 3 години**

Сите правни и физички лица **кои во 2019 година не го надминуваат новопоставениот праг ќе може доброволно да се дерегистрираат**

# праведен даночен систем

